Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**КПУ Затвор Скопје - Скопје**

Бр. 0402-5556/1
14.10.2021 година

Министерство за Правда
КПУ Затвор Скопје - Скопје

Индира Ганди бр. 11
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 2 650 546
(02) 2 650 547
Фах. (02) 2 650 549

Сајт www.kpuzatvorskopje.gov.mk
E-Mail:
kpuzatvorskopje@hotmail.com
direktor.zatvor@gmail.com

Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје врз основа на член 31 ст.1 и ст. 2 од Закон за извршување на санкциите („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2019 и 220/2019), член 4 од Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РМ„ бр. 196/15, 35/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 257/20), член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр. 46/16), член 2 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на РМ„ бр.46/16) и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје бр. 0101-5555/1 од 14.10.2021 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ

***за назначување на лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите***

1. Се назначува и овластува лицето САШКО ЛАЗАРЕВСКИ вработен во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје на работно место Заповедник на затворска полиција, за овластено лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоци од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите. Овластеното лице може да се контактира на адреса ул. Индира Ганди бр. 11, Скопје, телефон 02 2 650-546/547 или на e-mail: prijavikorupcija.zatvorskopje@gmail.com.
2. Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи е должно:
   - Да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со актот за надворешно и внатрешно пријавување;
   - Да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
   - Да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Согласно член 4 од Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на РМ„ бр. 196/15, 35/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 257/20), член 2 став (1) и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.46/16), член 2 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на РМ„ бр.46/16) и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје бр. 0101-5555/1 од 14.10.2021 година, Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје донесе решение со кое определи овластено лице за прием на пријави од укажувачи кое согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи како и процедурите утврдени со актот за надворешно и внатрешно

пријавување да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите за надворешно и внатрешно пријавување, да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци, да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Врз основа на горе наведеното Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение именуваниот има право на жалба до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот.

Директор
на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје,

**ФИЛИП АНДОВ**

**ДОСТАВЕНО ДО :**

- Овластено лице
- Веб страна на УИС
- Огласна табла на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје
- Државна комисија за спречување на корупција
- Архива